# Кандидатура за претседател на ФСС-АФС

## Петар Костадиноски

Добар ден, драги колеги и колешки,

Јас сум Петар Костадиноски, студент во 4-та година на студии и актуелен претседател на Факултетското студентско собрание.

За втор мандат се пријавувам од повеќе причини, но како најважни би ги издвоил досега стекнатото искуство, потребата од континуитет и јасната замисла за подобрување на секој аспект што е во домен на делување на Собранието. Сметам дека токму втор мандат би овозможил тоа искуство да не остане само како еден изминат циклус, туку да се претвори во посигурна основа за понатамошно дејствување, со појасна насока, поголема стабилност и поконкретен ефект.

Во првиот мандат настапив со детално елаборирана програма, со јасно поставени активности и конкретни намери за периодот што следеше. Но, искуството ме доведе до поинаков став. Во пракса, строго поставената програма не секогаш се покажува како предност; напротив, понекогаш може да стане ограничување, наместо вистинско помагало и патоказ. Затоа, овојпат заземам пристап во кој програмата не би била строго фиксирана, туку флексибилна, отворена и прилагодлива, но сепак цврсто насочена кон остварување на претходно поставена цел.

Таа цел, според мене, треба да биде заемна и заедничка — од студентите за студентите. Не како декларативна формулација, туку како реална, општа цел што ќе биде препознаена, прифатена и почувствувана од сите како нешто суштинско и потребно.

Досега имам сфатено дека, како и во поширокото општество, така и во рамки на нашиот факултет, токму отсуството на една таква заедничка цел често претставува суштински проблем. Кога нема заедничка насока, активностите, идеите и настаните лесно остануваат површни, изолирани и без подлабоко значење — реализирани формално, колку да се одржат, а не затоа што навистина водат кон нешто вредно, потребно и трајно.

Токму затоа, во вториот мандат би се обидел да поставам основа за таа цел. Да се создаваат активности и настани што нема да бидат сами на себе цел, туку ќе претставуваат чекори кон нешто поголемо и позначајно — нешто што на крајот ќе биде од бенефит за сите, а најмногу за нас студентите.

Со почит,

Петар Костадиноски